Кратово, март 2010 година

Со огромна доза на загриженост, потполна свесност, без никакви политички предрасуди, а со цел да укажеме на погрешните потези што ги прави актуелната власт, како и на висината на финансиските средства потребни за реализација на проектот „Скопје 2014“, во насока кон совесно, транспарентно и домаќинско работење и трошење на нашиот заеднички буџет, оформен со собирање на даноци и народни пари, ние, долу потпишаните претставници на цивилниот сектор и на институциите, со чувство на длабока лична, морална и широка цивилизациска одговорност ја усвојуваме оваа:

# ДЕКЛАРАЦИЈА ПРОТИВ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ НАРЕЧЕН „СКОПЈЕ 2014“

**За таа цел предлагаме Владата веднаш јавно да се откаже од спроведувањето на планираните активности и предвидените финансиски средства да ги пренасочи кон:**

1. Решавање на проблеми од економската сфера и инфраструктурни проблеми како и решавање на прашања од особен приоритет, какви што се прашањата на стечајните работници и на лицата со посебни потреби, борбата против корупцијата и криминалот, решавањето на проблемите на самохраните родители и на социјалните семејства.
2. Еднаков третман на сите општини од страна на Владата, а особено на најслабо развиените, со создавање можности за рамномерен регионален развој и вложување во капитални инвестиции, како и креирање на нови работни места. Не е само Општина Центар општина во Македонија туку тоа се сите: од Крива Паланка до Струга, од Гевгелија до Тетово.
3. Унапредување на дијалогот и на заемното разбирање меѓу сите етнички заедници во Македонија без разлика на религиозната, верската или партиската припадност, што е спротивно на градењето цркви и џамии.
4. Градбите да бидат трага на времето и слика на историјата, а не подлога за партиски препукувања, раздор, нетрпеливост и извор на меѓуетнички конфликти. Градбите и ремек-делата да бидат плод и креација на архитекти, а не на политичари.
5. Креациите да бидат оригинали на своето време, а не плагијат и бледа копија на оригиналите и на туѓа историја; да бидат од народот и за народот, а не слика на една тоталитарна власт која грубо ја крши историјата и и́ пркоси на целокупната меѓународна јавност.
6. Премиерот и Владата да престанат со недомаќинското трошење и расфрлање на народните пари во предизборни цели и за партиска промоција, туку да инвестираат во капитални објекти од општ интерес и со одржлив развој, објекти што ќе креираат капитал, а не дополнителни расходи.
7. Власта да им обезбеди на општините реални услови и приходи за спроведување на процесот на фискална децентрализација, а не да ги прави нејзини зависници и спроведувачи на предизборни политики и кампањи. Да им допушти на општините сами да ги одредуваат сопствените приоритети и да обезбедат средства за нивна реализација и имплементација.
8. Оригиналноста е резултат на постоење во времето, а не пресликување на минатото во сегашноста. Нам во моментов ни е потребна јасна визија за иднината, а не искривена слика за минатото.
9. Споменицитe, музеите и античките градби не се приоритет за граѓаните, а уште помалку се инвестиции што ќе ја намалат сиромаштијата, стапката на невработеност и лошата социо-економска состојба. Притоа, секако, најоштетени се граѓаните што не се жители на Скопје бидејќи, наместо да се намалува економската разлика меѓу општините, Владата кон едни се однесува како мајка, а кон други како маќеа. Наместо споменици градете нови автопати, регионални патишта, инфраструктура во индустриските зони, изградете го гасоводот, осовременете ја железницата за да ја подобрите бизнис климата, за да привлечете нови инвеститори, за да отворите нови работни места!
10. Наместо партиски музеи, градете хидроцентрали! Наместо да градите административни згради и да ги менувате гранитните плочки, заменете ги азбест-цементните водоводни цевки и азбест-цементните покриви на градинките и на училиштата бидејќи се опасни за здравјето! Градете нови и реконструирајте ги постоечките училишта наместо да градите градска куќа, офицерски дом и музеи на восочни фигури!
11. Наместо да градите верски објекти со државни пари, обезбедете затоплување и соодветни услови за болните на кои тоа им е повеќе од неопходно! Обезбедете хуман третман за пациентите и здравство без корупција! Спасете човечки животи, тие се многуповредни од бронзените лавови и коњи! Наместо судови во антички стил изградете независно судство и правен систем! Наместо антички изградете современи фекални и атмосферски канализации, колекторски системи и пречистителни станици, современи фабрики за преработка на комуналниот отпад, направете современ јавен градски превоз!
12. Ја нагласуваме важноста на познавањето и практикувањето на нашите религии што зборуваат за верата, надежта и љубовта меѓу сите и за сѐ. Истовремено укажуваме дека единствено преку создавањето на широка меѓуцивилизациска соработка, втемелена на начелата на меѓусебна почит и уважување, ќе придонесеме за создавање на претпоставки за разбирање на другите етнички заедници и на мултикултурно општество.
13. Општото добро, правдата, солидарноста и човековите права, остварувани преку добриот збор и дело, се водилка во нашите заложби за зацврстување на заедништвото во светот и за осигурување на неговиот напредок и опстанок во согласност со моралните принципи што ги применуваме кон себе и кон другите. Практикувањето на верата треба да биде во функција на остварување на длабоките духовни и морални вредности.
14. Човековата историја изобилува со големи достигнувања, но и со големи назадувања – подеми и падови. Мудроста претставува движечка сила што дава смисла, ги креира моралните начела и позитивно нѐ насочува. Старите мислители не поседувале факултети и не стекнувале дипломи под мотото: „Образованието е сила, образованието е моќ“. Тие, едноставно, биле мудри.
15. Силно ги осудуваме сите форми на верско насилство и нетолеранција. Ја осудуваме злоупотребата на политиката во насока кон сите видови на дискриминација и делувања што го понижуваат достоинството на човекот. Ги молиме и ги повикуваме сите политичари, без разлика на припадноста, да делуваат според принципот на реципрочност: „Да се однесуваме кон другите како што би сакале тие да се однесуваат кон нас“.
16. Целосно сме за поддршка и за развој на дијалогот меѓу различните култури и цивилизации. Љубовта е во основата на секоја вера и на човечкото опстојување. Ние ги осудуваме сите толкувања на верата што проповедаат терор, бидејќи ниту една причина не може да ги оправда таквите постапки, како и изјавите за дефинитивно расчистување со претходниците и со лидерите од претходните системи и уредувања.
17. Свесни дека верската и културната различност треба да бидат мост за соработка и разбирање, упатуваме на сознанието дека преку решавање на проблемите на помалите верски и културни заедници во државите, а истовремено почитувајќи ги традиционалните вредности на мнозинските заедници, може да се спречат повеќе извори на нестабилност, како во рамките на државите така и во регионален контекст.
18. Образованието како значаен столб во формирањето на силни етички личности претставува суштинска основа за унапредување на толеранцијата, меѓурелигискиот и меѓуцивилизацискиот дијалог и разбирање, почитување на разликите, човековите права и традиционалните морални вредности. Адекватното образование е главниот инструмент во отстранувањето на стереотипите и на погрешната перцепција на различните култури, религии и цивилизации. Да се учи да се живее заедно подразбира да ги афирмираме нашите различности како придобивка, а не како недостаток. Посветени сме на создавањето образовен систем за една нова генерација млади луѓе, која ќе промовира толеранција и мирен соживот, а не омраза и предрасуди. Ние сме за агрегација, а не за сегрегација во образованието, и без многу филозофирање и без изјави со декларативен карактер, за јасно дефинирање на принципите на разумен компромис.
19. Впрочем, тековното опкружување со себе носи многу нови предизвици за личностите, заедниците и државите. Дијалогот и меѓусебното разбирање и почитување укажува на потребата од мобилизација на политичките и духовните лидери, интелектуалците и сите општествени актери во насока кон меѓусебно почитување, соживот и просперитет.
20. Сосем на крај, градете градби што ќе нѐ обединуваат, а не градби што ќе бидат повод за нови длабоки национални, меѓуетнички и религиозни поделби! Не влошувајте ги меѓуетничките и меѓуверските односи затоа што последиците може да бидат многу опасни за сите нас!

---

Оваа Декларација нема никаков обврзувачки карактер. Таа е само апел за согледување на реалноста, напор да ги надминеме пречките, да ги пронајдеме решенијата на проблемите со кои се соочуваме и да го трасираме патот кон иднината без да се оптоваруваме со товарот на историјата. Таа е само напор да му се посвети целосно и подеднакво внимание на секој поединец во ова општество. Таа е само поттик за натамошни средби, дискусии и форуми на различни нивоа, а воедно и силна порака до политичарите и сите влијателни субјекти на оваа мала држава, држава во која живеат поголеми патриоти од актуелните политички лидери, лица што се вистински загрижени за сопствената и за судбината на идните генерации.
Со потпишувањето на оваа Декларација укажуваме дека не се согласуваме со проектот „Скопје 2014“ и бараме тој да биде повлечен:

ЗГ „Регионален центар за одржлив развој“ – Кратово; ЗГ „Извор“ – Кратово; ОУ „Маршал Тито“ – Струмица; ЗГ „Центар за развој на заедницата“ – Кичево; ЗКУ „Св. Ѓорѓи Кратовски“ – Кратово; ЗПГ „Пчелар“ – Кратово; Центар за одржлив развој „Порта“ – Струмица; ЗГ „Натира“ – Липково; Регионална агенција за унапредување и развој на човековата средина „Еликсир“ – Крива Паланка; ЗГ „Импулс“ – Кратово; ОЖ „Кумановка“ – Куманово; Здружение на борци од НОБ – Крива Паланка; ОЖ „Иднина“ – Пробиштип; ЗГ „Заеднички вредности“ – Скопје; ОЖ „Крива Паланка“ – Крива Паланка; ЗГ „Регионален центар за одржлив развој“ – Гевгелија; ЗГ „Пралипе“ – Крива Паланка; Македонски центар за европско образование – Скопје; Регионална ромска образовна асоцијација – Кратово; Сојуз на жени на Житоше – Житоше; ЗГ „Регионален младински центар“ – Крива Паланка; Национален совет на жени на Македонија; Фондација Институт отворено општество - Македонија

Објавувањето е овозможено со финансиска поддршка на Фондацијата Институт отворено општество – Македонија